Фабрика за производство на битуменски изолациони материјали
БИМ акционерско друштво
Бр. 02 - 211/14
15.05 2023 год.
СВ. НИКОЛЕ

БИМ СВЕТИ НИКОЛЕ
ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

Во согласност со чл. 363 од Законот за трговски друштва, чл.10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски дрштва (Сл.весник 42/10) и чл.20 од Статутот на БИМ а.д. Свети Николе, на Собранието на акционери одржано на ден 15.05.2023 год. од вкупно 9663 акции кои се важечки гласови на Собранието се претставени 5878 важечки гласови кои претставуваат 57,88 % од основната главнина 10.155 обични акции и со едногласно “за“ се донесе следната

**О Д Л У К А**
**за отповикување на член на Одбор на директори**

**Чл.1**

Собранието на друштвото го отповикува извршниот член на Одборот на директори на БИМ а.д. Свети Николе г-дин Ѓорги Стојанов поради склучена Спогодба за раскинување на Договор за уредување на односите меѓу Извршниот член на Одборот на директори и друштвото (МЕНАЏЕРСКИ ДОГОВОР од 27.05.2021 година со деловоден бр.04-169) склучена на ден 10.04.2023 година со деловоден број 04-171 кај друштвото Фабрика за производство на битуменски изолациони материјали БИМ АД Свети Николе на негово барање за остварување на право на пензија во 2023 година. По престанокот на функцијата член на Одбор на директори Ѓорги Стојанов ќе биде распореден на работното место „Советник за техничко комерцијални работи„ согласно Правилник за организација на работните места-Систематизација во друштвото до остварувањето на право на пензија за што ќе се потпише нов договор.

**Чл.2**

Мандатот на извршниот член му престанува со денот на донесување на оваа одлука.

**Чл.3**

Да се изврши промена согласно оваа Одлука во трговскиот регистар при Централен регистар на Република Северна Македонија.

**Чл.4**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ а.д. Св.Николе
Јованка Панева